ЈП Хидросистем за вршување на
водостопански дејности ХС "ЗЛЕТОВИЦА"
бр. 03-373/25
15.07.2019

Врз основа на член 20-г, 20-д и член 21 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), член 37-м од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), член 22 и член 23 од Законот за работните односи, Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип бр.02-241/36 од 29.03.2018 година и Известувањето од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства бр.18-4211/2 од 30.05.2019 година, Директорот на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип донесе

ОДЛУКА

за избор на кандидати по Јавен оглас бр.01/2019 за вработување на неопределено време на 1 (еден) давател на јавни услуги и 4 (четири) помошно технички лица во ЈП ХС Злетовица-Пробиштип

Член 1

1. По Јавниот оглас број 01/2019 објавен во дневните весници "Нова Македонија", "Вечер" и "Коха" на 19.06.2019 година, на веб страната на јавното претпријатие и Агенцијата за вработување на РСМ за вработување на неопределено време на 1 (еден) давател на јавни услуги и 4 (четири) помошно технички лица, се изврши следниов избор:

- За работното место **Оператор во SCADA систем**, со статус на давател на јавни услуги, со шифра КДР 03 05 Б02 184 се избира кандидатот:
  - **Виктор Алексовски од Пробиштип**

- За работното место **Оператор за одржување на објекти и опрема/работник за одржување на брана со придружни објекти,** со статут на помошно технички лица, со шифра КДР 04 01 А01 123 се избираат кандидатите:
  - **Тоше Златинов од Пробиштип**
  - **Горанчо Славков од Пробиштип**

2. Изборот е извршен врз основа на ранг листа од кандидати кои ги исполнуваат условите и предлог одлука за избор по Јавен оглас бр.01/2019.
3. Избраните кандидати ќе бидат вработени на работните места за кои беше распишан јавниот оглас по завршување на постапката за избор и по конечноста на оваа одлука, за што ќе се склучи договор за вработување.
4. За извршениот избор ќе бидат известени пријавените кандидати.
5. Донесената одлука ќе биде објавена на веб страната на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип и на огласна табла на јавното претпријатие.
6. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

На 19.06.2019 година во дневните весници "Нова Македонија", "Вечер" и "Коха" и на веб страната на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип и Агенцијата за вработување на РСМ објавен е Јавен оглас бр.01/2019 за вработување на неопределено време на 1 (еден) давател на јавни услуги на работното место Оператор во SCADA систем со шифра КДР 03 05 Б02 184 и 4 (четири) помошно технички лица на работно место Оператор за одржување на објекти и опрема/работник за одржување на брана со придружни објекти со шифра КДР 04 01 А01 123.

Комисијата за селекција во постапката за вработување на неопределено време на 1 (еден) давател на јавни услуги на работното место Оператор во SCADA систем, по пат на јавен оглас бр.01/2019, формирана од Директорот со решение бр.04-373/13 од 02.07.2019 година, изврши селекција на пријавените кандидати, за што состави записник бр.04-373/18 од 09.07.2019 година и спроведе интервју со уредно пријавениот кандидат, за кое состави записник бр.04-373/22 од 12.07.2019 година.

Комисијата состави ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Јавниот оглас бр.01/2019.

Комисијата за селекција во постапката за вработување на неопределено време на 4 (четири) помошно технички лица во ЈП Хидросистем Злетовица-Пробиштип на работното место Оператор за одржување на објекти и опрема/работник за одржување на брана со придружни објекти, по пат на јавен оглас бр.01/2019, формирана од Директорот со решение бр.04-373/11 од 02.07.2019 година, изврши селекција на пријавените кандидати, за што состави записник бр.04-373/17 од 09.07.2019 година и спроведе интервју со уредно пријавените кандидати, за кое состави записник бр.04-373/24 од 12.07.2019 година.

Комисијата состави ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот и второрангираниот кандидат по Јавниот оглас бр.01/2019.

Врз основа на финалните ранг листи и предлог одлуки за избор по Јавниот оглас бр.01/2019, Директорот на ЈП ХС Злетовица- Пробиштип изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управен одбор на ЈП ХС Злетовица- Пробиштип, во рок од 8 дена од денот на објавување на оваа одлука на веб страницата и на огласна табла на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип.

Пробиштип
15.07.2019

ЈП ХС Злетовица
Директор
Миле Илиевски

ХС "ЗЛЕТОВИЦА"
Пробиштип